Проста математика: 340 заразени кумановчани ≠ пола Куманово

Постојано сме опкружени со различни информации, па затоа неопходно е да умееме да се справиме со нивниот неконтролиран наплив. На луѓето навистина им се потребни нови знаења за да можат да учествуваат во општествениот живот користејќи ги медиумите и новите информатички технологии. Експлозијата на ширење на сензационализам е сериозен предизвик на светско ниво. Истиот во себе речиси секогаш носи манипулативни пораки. Преку намерно извртување се поттикнуваат скриените стравови кај луѓето.


Во овој период најактуелни се вестите поврзани со корона вирусот. Поради сериозноста на оваа тема од голема важност е информациите што ги добиваат граѓаните да бидат вистинити и да не предизвикуваат паника.

Тоа не е случај и со информацијата објавена на веб порталот www.think.mk, поконкретно станува збор за веста со наслов **„Градоначалникот заразил пола Куманово – ДЕСЕТ ЧЛЕНА на општинскиот кризен штаб ПОЗИТИВНИ на коронавирус, а тие го однелсе вирусот дома на семејствата…“**.



Прво и основно што е забележано од наша страна е печатната грешка во насловот на новинарскиот текст, која самиот новинар не треба да си ја дозволи. Но, како и да е,

грешки се случуваат. Она што не смее да се случува во професионалното новинарство е ширење на наслов кој содржи сензационалистичка порака, која во случајов се заснова на тврдење без реални докази и факти од релевантен извор. Преку ваквиот пристап, авторот предизвикува страв и паника помеѓу жителите на Куманово, но и во целата држава. Според официјална информација од Министерството за здравство и Институтот за јавно здравје, до денешен датум, 20.04.2020 се заразени вкупно 340 граѓани од Куманово.



Во содржината на веста е соопштено и дека десет члена на општинскиот кризен штаб се позитивни на корона вирус. Воедно е потенцирано дека дел од нив веќе споделиле информација на своите фејсбук страни за позитивноста од тестот. Значи веста се состои од само две реченици кои во ниеден случај не ја потврдуваат констатацијата изнесена претходно дека градоначалникот на Куманово го заразил пола Куманово, ни дека сите овие членови на кризниот штаб ги имаат заразено и своите семејства.

Десет члена на општинскиот кризен штаб се позитивни на коронавирус, потврдија од кумановскиот Центар за јавно здравје.

Покрај командантот на штабот, Максим Димитриевски, позитивни се и други девет члена на штабот во кој има претставници од локални и државни институции.

Дел од нив, веќе и самите споделија на социјалните мрежи дека се позитивни на коронавирус.

Според ова може да воочиме дека насловот воопшто не е соодветен на содржината и заклучокот од текстот со што се разјаснува причината поради која е и напишан: да привлекува внимание и да добие поени за читаност.

Воедно она што беше интересно, а го забележавме при разгледувањето на целокупната веб страна www.think.mk е тоа дека истата нема импресум, а иницијалите И.М. стојат зад секоја вест објавена на овој портал. Со ова само се потврдува фактот дека веб страната не е вистински медиум кој пренесува проверени и точни информации.

Голем дел од читателите се навикнати да го читаат само насловот на новинарските текстови. **Затоа, проверете, пред да поверувате!**

Автори:

Марија Анѓелкоска, 16 години

Теодора Тодоровска, 16 години